ГЕВГЕЛИЈА

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

ДНЕВЕН БИЛТЕН

ISO 9001
Q-1441

**16.09.2021-Четврток**

## ИНФОРМАЦИИ



### Непречено се одвиваат градежните активности на двете улици во Мрзенци

Градоначалникот на општина Гевгелија, Сашо Поцков, изврши увид во Мрзенци- во градежните работи за изградба на улицата „Александар Бел“ и реконструкција на улицата „Методија Андонов Ченто“ во населеното место. Овие улици се дел од капиталните проекти за подобрување на патната инфраструктура во општина Гевгелија. При увидот, Поцков констатираше дека непречено се извршуваат градежните работи за пробивање на улицата „Александар Бел“ во новата станбена населба на Мрзенски Рид, кои ги изведува градежната фирма „Жикол“, како и градежните работи на „Методија Андонов Ченто“.

- Со изградбата на главната сообраќајница во должина од 850 метри и два крака од по 110 метри новата станбена населба ќе стане уште попривлечна за домување. Оттука и значењето на овој проект, бидејќи како општина имаме обврска на идните инвеститори да им обезбедиме услови за живеење. Изградбата е предвидена во две фази, прво, изведување на долен строј, а потоа и горен строј, истакна Поцков, во својата изјава за медиумите.

- Паралелно течат и градежните активности за реконструкција на улицата „Методија Андонов- Ченто“, во изведба, исто така, на „Жикол“, која фирма на тендерот што го распиша Министерството за транспорт и врски, имаше најповолна понуда. Сакам да ја истакнам нејзината важност, бидејќи оваа главна улица се простира од влезот на до излезот на Мрзенци, со излез на автопатот, а го поврзува населеното место со Гевгелија. Поради оштетеноста на овој пат, од влезот, па се до центарот на Мрзенци, кај ресторанот „Јавор“, овој проект доби приоритет. Имајќи ги предвид барањата и потребите на жителите за подобрување на условите и посетеноста на на населеното место од странските туристи поради двете репрезентативни угостителски објекти, изјави Сашо Поцков, градоначалник на Општина Гевгелија.

.

**16.09.2021-Четврток**

Во тек се подготвителните работи за ископ на трасата, а изградбата на улицата „Методија Андонов Ченто“ ќе чини 14 милиони денари. Овие средства се обезбедени од доделените 900.000 евра грант од Светска банка за општина Гевгелија, кој се реализира преку програмата на Министерството за транспорт и врски



**Пуштен во употреба Клубот на пензионери во Моин**

Во општинските простории во населеното место Моин, денеска, беше пуштен во употреба Клубот на пензионери за повозрасната генерација. На свеченоста присуствуваше градоначалникот на општина Гевгелија, Сашо Поцков, заедно со претседателот на Општина Гевгелија, Тодор Ристов и претставник од ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија, Миле Атанасов.

Кон присутните се обрати Велин Стоименов, претседател на Здружението на пензионери- Гевгелија, честитајќи им го пуштањето во употреба Клубот на пензионери- Моин, зад која иницијатива стоеше и самото Здружение. Истовремено, ја изрази и својата благодарност до градоначалникот на општина Гевгелија, Сашо Поцков и ЈПКД „Комуналец“, Активот на жените-пензионерки при Здружението, Здружението на пензионери од Дојран и Штип и неколку жители од Моин за поддршката на иницијатива- објектот да стане функционален, каде пензионерите ќе имаат можност за дружење, одмор и рекреација. Особено, горд што ова е шестиот отворен Клуб на пензионери во општината:

- Овој Клуб ќе биде пријатно место и катче каде пензионерите ќе имаат можност своето слободно време да го минуваат дружејќи се, читајќи весници, разговарајќи за актуелни теми, играјќи шах, домино, табла, карти.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

Градоначалникот на општина Гевгелија, Сашо Поцков, го поздрави отворањето на Домот на пензионери.

- Драго ми е што повозрасната генерација во Моин добива објект за минување на пензионерските денови. Општина Гевгелија секогаш ќе излегува во пресрет на барањата и потребите на пензионерите од Гевгелиско, покажувајќи ја грижата и помошта на дело како обврска на локална самоуправа за подобрување на животниот стандард, рече Поцков.

Имено, општинските простории наменети за Клубот на пензионери беа  реконструирани со поддршка на Општина Гевгелија и ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија и Здружението на пензионери од Гевгелија во соработка со останати Здруженија од државата и жители на населеното место Моин. Беше заменета старата кровна конструкција, столаријата и подот, а просториите опремени со мебел и реквизити.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

**16.09.2021-Четврток**



**Тактичко-показна вежба за прва помош**

Денеска, по повод Светскиот ден на Првата помош, на градскиот плоштад Гевгелија, Црвен крст- ОО Гевгелија реализира тактичко-показна вежба под мотото „Биди херој во твоето училиште и твојата заедница. Научи прва помош!“ Ваквата акција хуманитарната организација од Гевгелија ја организира со цел граѓаните од општината да ги научат вештините за прва помош, преземајќи брзо дејствување за намалување или стабилизирање на сериозните повреди и зголемување шансите за преживување доколку дојдат во ситуација да спасуваат жртва.

Освен практичните вежби со едукативен карактер, овој настан е збогатен и со музички дел. За кој се погрижија волонтерите од Клубот на млади.

Исто така, во рамките на работната програма, Црвениот крст- ОО Гевгелија продолжува со прикажувањето едукативни филмови на отворено за помладите. Имено, утре (17 септември, 2021 година), во амфитеатарот во Стар Дојран, со почеток во 18:30 часот ќе биде емитуван вториот филм од Летното кино на Црвен крст- ОО Гевгелија за основците и средношколците, со засега непознат наслов. Со цел да биде пријатно изненадување, велат организаторите.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk